ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ – СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Општина Ѓорче Петров
Бр. 10-536/4
18.03.2025 год.
Скопје

Врз основа на член 28 став 4 и член 50 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/2020, 111/2023,171/2024, 224/2024 и 40/25) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров упатува

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

**за организирање на јавна презентација и јавна анкета по Изменување и дополнување на Урбанистички план за Село Ново Село блокови 2.14 и 2.16, Општина Ѓорче Петров, плански период 2024-2034, Предлог план**

Се известуваат сите заинтересирани правни и физички лица од подрачјето опфатено со планот , подрачјата соседни на планскиот опфат , широката јавност , претставници на стручната јавност, претставници на државната управа, претставници на единиците на локалната самоуправа, стручни лица од невладините организации и други стручни лица од областа што е релевантна за планирањето и за конкретниот опфат, (учесници), дека се организира јавна презентација и јавната анкета на

**Изменување и дополнување на Урбанистички план за Село Ново Село блокови 2.14 и 2.16, Општина Ѓорче Петров, плански период 2024-2034, Предлог план, со техн. бр. 143-24/У од март 2025, изработен од ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје.**

Јавната анкета ќе трае 31 дена , а ќе се спроведе во периодот од **07.04.2025г. до 07.05.2025год.**, во кој рок може да се доставуваат забелешки и предлози од учесниците на јавната анкета и презентација, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам и по електронски пат до веб адресата на општината: e-mail: kontakt@opstinagpetrov.gov.mk и во писмена форма со доставување на анкетни листови преку архивата секој работен ден од 8-16 часот, кои можат да се добијат од архивата или од веб страната на општината.

Јавната презентација ќе трае еден работен ден, а ќе се одржи на **16.04.2025г.** (вторник), со почеток во **$12^{00}$** часот , во просториите на Општина Ѓорче Петров, сала на приземје.

Графичкиот прилог на предлог планот ќе биде изложен во просториите на општинската зграда на Општина Ѓорче Петров, на ул. „Ѓорче Петров"22- Ѓорче Петров, Скопје и на веб страната на општината.

Опфатот на Изменување и дополнување на Урбанистички план за Село Ново Село блокови 2.14 и 2.16, Општина Ѓорче Петров, е сместен во северозападниот дел на селото и ги зафаќа блоковите **2.14** и **2.16**, дефинирани со постојниот Урбанистички план за село Ново Село, општина Ѓорче Петров (2015-2025).

**Границите на опфатот** се совпаѓаат со границите на блоковите : Блок **2.14** и Блок **2.16** дефинирани во важечкиот Урбанистички план за Село Ново Село, општина Ѓорче Петров, донесен со Одлука бр. 08-1819/7 од 16.11.2020 год:

**На север:** осовина на планирана улица „ 51“ (Сервисна улица СЕ-5);
**На исток** : осовина на планирана улица „51“ (пристапна улица 23), продолжува во југоисточен правец по осовина на улица „1826“ -сервисна улица (СЕ-8) , продолжува во југоисточен правец по осовина на улица „1“ (станбена улица 11);
**На југозапад** : осовина на улица „1826“ (станбена улица 12).

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува **7,14** ha.

МАПА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ





**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**

**Александар Стојкоски**

**Изработил:**
Е. Ќулумоска, д.и.а. ______________
**Одобрил:**
Ф. Ефтимов д.и.а.______________